# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 24 | Понеделник, 22 ноември 2021 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


## Содржина

### Градоначалник на општина Струмица:


| Рег. бр. | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **533.** | **Одлука** за организирање јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, Општина Струмица ........ | 1 |
| **534.** | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, Општина Струмица ........ | 2 |


**533.**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица. Планскиот опфат го опфаќа селото Просениково, општина

Струмица, на подрачјето на КО Просениково и КО Просениково вон г.р.

Површината на планскиот опфат изнесува 50.1075 Ха.

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 26.11.2021 година до 10.12.2021 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 26.11.2021 година во 11:00 часот во просториите на Дом на Култура, село Просениково.

**Член 4**

УП за село Просениково, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните физички и правни лица можат на анкетни листови да доставаат забелешки и предлози по Нацрт планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-7365/2 Општина Струмица
19.11.2021 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

**534.**

Врз основа на член 35, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Просениково, општина Струмица, со површина од 50.1075 Ха. во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Андреј Манев - претставник на изготвувачот на планот,
- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавна анкета од 26.11.2021 година до 10.12.2021 година, а јавната презентација на ден 26.11.2021 година во 11:00 часот во просториите на Дом на Култура, село Просениково.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-7365/3 Општина Струмица
19.11.2021 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р